З А П И С Н И К
од Сто и четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 30 декември 2025 година

Скопје, декември 2025 година

З А П И С Н И К
од Сто и четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 30 декември 2025 година

Седницата започна во 13:25 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Муамед Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади и м-р Ерџан Селими, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, м-р Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Андреа Ѓошевска и Димитар Димовски, претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и членовите на Владата, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од Сто триесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 декември 2025 година

1. Информација за давање овластување за потпишување на Анекс за изменување и дополнување на поединечниот колективен договор во делот за плата, други права по основ на плата и надоместоци на плата со кој се врши зголемување на платите на вработените во Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје, со Анекс за изменување и дополнување на поединечниот колективен договор

2. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за престанок и давање на времено користење на движна ствар на Државно правобранителство на Република Северна Македонија

3. Информација во врска со склучување на Анекс бр.3 кон Спогодбата за регулирање на начинот на плаќање на обврските, согласно склучените договори за заем каде АД Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје е во својство на заемопримач, за продолжување на рокот на отплата на заемите до 31.12.2026 година

4. Информација за постапување согласно член 11 од Законот за иновациска дејност, научно-технолошки развој и претприемништво, со Предлог-одлука

5. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, со Предлог-одлука

6. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавното претпријатие за државни патишта

7. Информација за Годишна сметка на Јавното претпријатие за државни патишта за 2024 година, финансиски извештаи за годината која завршува на 31 декември 2024 година и Извештај за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2024 година, со Извештај на независниот ревизор и предлог-одлуки

8. Годишна сметка за 2024 година, Годишен извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Ц.О. Скопје, за период од 1.1. 2024 година до 31.12.2024 година, финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2024 година, со Извештај на независниот ревизор и предлог-одлуки

9. Одлука за утврдување на цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ во електронска форма, со Предлог-одлука

10. Одлука за утврдување на малопродажната цена на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ од примерок, со Предлог-одлука

11. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за продажба на станбен простор бр.02-3669/8 од 9.6.2025 година и Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба бр.02-3669/8-1 од 9.6.2025 година (ул.1613 бр.10, влез 1, кат 6, стан бр.28, во објект 3.9 Реонски центар, запишан на КП бр.1734/138, во ИЛ бр.109482, за КО Кисела Вода 2)

12. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за продажба на станбен простор бр.02-3669/9 од 9.6.2025 година и Предлог - одлука за давање согласност на

Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба бр.02-3669/9-1 од 9.6.2025 година (ул.1613 бр.10, влез 1, кат 5, стан бр.23, запишан на КП бр.1734/138, во ИЛ бр.109482, за КО Кисела Вода 2)

13. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Битола

14. Предлог-уредба за субјектите, посебните услови и начинот на лансирање на ракети против градоносни облаци

15. Информација за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром, со Предлог-одлука

16. Информација за поднесената Иницијатива од инвеститор Друштвото за производство на електрична енергија Парк на ветерни електрани Перун ДОО Скопје, за реализација на објект од јавен интерес од значење на Република Северна Македонија, изградба на Парк на ветерни електрани на територијата на Општина Богданци, со Предлог-одлука

17. Информација за сообраќајно поврзување на ТИРЗ Ранковце на Експресен пат А2 - делница Ранковце – Крива Паланка

18. Информација за склучување на Анекс-договор бр.3 кон Договорот за доделување на државна помош помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство и трговија Џојсон сејфти системс Македонија ДООЕЛ Кичево и Џојсон сејфти системс Луксембург С.а.р.л. со бр.03-174/1 од 22.1.2015 година, Анекс-договор бр.1 со бр.13-1600/1 од 14.11.2016 година и Анекс-договор бр.2 со бр.13-1182/1 од 14.10.2021 година, со прилози и со Предлог-одлука

19. Информација за склучување на Анекс - договор бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство и трговија Џојсон сејфти системс Македонија ДООЕЛ Кичево и Џојсон сејфти системс Луксермбург С.а.р.л., бр.13-1181/1 од 14.10.2021 година, со прилози и со Предлог - одлука

20. Информација за склучување на Анекс-договор бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги Пурпласт МК ДОО Илинден и Пур-Пласт Полиуретан Пластик Кимја Санаји Ве Тиџарет Аноним Ширкети (Pur-Plast Poliuretan Plastik Kimya San. Ve Tic. A.S.) со бр.13-282/1 од 5.2.2021 година, со Предлог-одлука

21. Информација во врска со донесување на Стратегија за геолошки истражувања, одржливо искористување и експлоатација на минералните суровини на Република Северна Македонија, за период од 20 години

22. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-минерална вода на локалитетот „с. Мокрино“, Општина Ново Село, со Предлог–одлука

23. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за земјоделство, производство, градежништво,

трговија, угостителство, сообраќај и услуги „Печково ГО и ДЕ“ ДОО експорт-импорт с.Печково-Вруток, со Предлог-одлука

24. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Румена Несторoска, ул. „180“ бр.15-17, Тетово, со Предлог – одлука

25. Информација во врска со Барањето на концесионерот Дис енергија ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Мала Река со реф.бр.361

26. Информација за потпишување на нота за пристапување на Министерството за одбрана на Република Бугарија за учество во Писмото за намери помеѓу Министерството за одбрана на Република Албанија и Сојузниот министер за одбрана и спорт на Република Австрија и Министерството за одбрана на Република Хрватска и Министерството за одбрана на Унгарија и Министерството за одбрана на Италијанската Република и Министерството за одбрана на Република Црна Гора и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Република Словенија во врска со воспоставување на рамковна група во контекст на НАТО Концептот за рамковни земји, со текст на Нота

27. Информација за потребата Република Северна Македонија да се приклучи кон телото на НАТО - Бордот на Систем интерфејс Центар за контрола и известување (Control and Reporting Centre System Interface Board – CSI BOARD) со потпишување Писмо за намери – (Letter of intent), со Писмо за намери

28. Информација за потребата за доделување на Амандман бр.2 на Договор за техничка поддршка (Amendment 2 to TA 0206-23 050774402), во врска со Договорот за набавка на лесни оклопни возила на тркала „STRYKER“ МК-B-UCE, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави, со усогласен текст на Амандман бр.2

29. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите против Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права - Таниќ А.бр.33847/24, Ивановски и др., А.бр.13591/25 и 27 други апликации, Петковиќ и Арсовска, А.бр.4514/24 и 4 други апликации и Зафировски и др., А.бр. 41929/23 и 19 други апликации

30. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Владимир и Александар Здравев против Република Северна Македонија А.бр.18455/24 и 19206/24, пред Европскиот суд за човекови права

31. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Нешевски и Скромност ДООЕЛ Битола против Република Северна Македонија, А.бр.6548/22

32. Информација за правосилност на одлуките на Европскиот суд за човекови права во предметите Валентина Петковска и други (А.бр.41520/23) и 14 други апликации против Република Северна Македонија и Небија против Република Северна Македонија А.бр.7454/21

33. Предлог-одлука за условите за распределба и користење на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година

34. Информација за утврдување на целите и придонесите за енергетска ефикасност на ниво на Република Северна Македонија, со Предлог-уредба

35. Информација за спроведени активности за регулирање на заштита на самовработени работници кои не се опфатени со задолжителното социјално осигурување

36. Информација за одземање на одобрение за основање на Приватна установа за социјална заштита на стари лица „Хармонија“–Скопје, со седиште на ул. ,,Славе Деловски“ бр.18, Општина Центар, Скопје, со Предлог-одлука

37. Информација за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност, со Предлог-одлука

38. Информација за изменување на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за трговија и услуги Чилам ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука

39. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на спортот за 2025 година

40. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје

41. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница - Кичево

42. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за хирургија на лице, вилици и врат - максилофацијална хирургија - академик Илија Васков - Скопје (апарат за анестезија за деца и возрасни)

43. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Комисија за спроведување на реформи во пензискиот систем и Предлог-решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за спроведување на реформи во пензискиот систем

44. Решение за изменување и дополнување на Решението за определување на бројот на наставници и стручни соработници во средните училишта кои може да се стекнат со звање наставник-ментор, односно стручен соработник-ментор, со Предлог-одлука

45. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државните награди поднесен од пратеникот Сали Мурати

46. Финансиски план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2026 година и Одлука за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2026 година, со Предлог-одлука

47. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје

48. Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2026 година, со Предлог-одлука за одобрување на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2026 година

49. Барање за давање на автентично толкување на членот 6 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/07, 103/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.13/23 и 59/25), поднесено од пратеникот Бојан Стојаноски

50. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.158/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 55 став 3 во делот „и во форма на управен договор" од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15 и 65/18)

51. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.156/2025 за оценување на уставноста на член 18 став 5 од Законот за вештачење („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/23)

52. Иницијатива од Петар Баришиќ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.161/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/23) и член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/23)

53. Решение на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.217/2024 од 10 септември 2025 година, за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Уредбата за Националната рамка на високообразовните квалификации („Службен весник на Република Македонија" бр. 154/10)

54. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.155/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 43 став 1 и член 45 став 3 од Законот за дивечот и ловството (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.263/23, 170/24 и 132/25)

55. Понуда од нотар Фросина Клисароска Канчевска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3259, за КО Глуво Бразда, на КП бр.2989/1, викано место/улица „Поројница" и Имотен лист бр.3189, за КО Глуво Бразда, на КП бр.2874, викано место/улица „Чар"

56. Понуда од нотар Емилија Георгиевска Аџиска од Берово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.3636, за КО Владимирово, на КП бр.4157, викано место/улица „Подиње"

57. Информација за прераспределба на средства до пропишаниот лимит до 65% од планираните капитални расходи од донесениот основен буџет, со вклучени прераспределби кај буџетските корисници од централната власт со третиот квартал во 2025 година, согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година

58. Извештај за проверка на регистрираните даватели на доверливи услуги и издавачи на шеми за електронска идентификација во Регистарот на даватели на доверливи услуги и на шеми за електронска идентификација

59. Извештај за спроведувањето на чекорот „Минимум 70% од матичните буџетски корисници на централно ниво да имаат документ за управување со ризик, вклучително и антикорупцискиот ризик и ги евидентираат идентификуваните ризици во плановите за ублажување“ од Област на политика 1.РЈА (вклучително и УЈФ) - Подобласт „Управување со јавни финансии“- реформа „Зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола“, утврден со Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан – Реформска агенда за Република Северна Македонија 2024 – 2027

60. Информација за регистрираните квалификувани доверливи услуги во Регистарот на шеми за електронска идентификација и доверливи услуги

61. Извештај за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2025 година, со финансиски показатели и образложение на постигнатите резултати

62. Акциски план за спроведување на препораките на Државниот завод за ревизија на успешност: „Користење на здравствените услуги за радиолошка дијагностика со магнетна резонанца“

63. Годишен извештај за работата на внатрешната ревизија за 2023 година на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје

64. Извештај за финансиско работење на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ – Скопје, во државна сопственост, за период од 1 јули до 30 септември 2025 година

65. Кадровски прашања

66. Прашања и предлози

67. Информација за Годишен план за имплементација на Праведната транзиција за 2026 година, со текст на Годишен план

68. Предлог-програма за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2025 година

69. Информација во врска со Акцискиот план за реструктурирање и развој на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија (2026-2027), со Акциски план

70. Информација од потреба за донесување на Акциски план за 2026 – 2027 година, за стабилизација, модернизација и реформа на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, со Акциски план

71. Информација за реализација на предусловите и ризикот од неспроведување на ИПА проектот „Приклучување на Виница со ПСОВ Кочани со делумна рехабилитација и проширување на канализационите и атмосферските системи во Општина Виница“

72. Предлог-одлука за доделување на концесија за детални геолошки истражувања за потребите за изградба на европски патни коридори од стратешки интерес, Коридор 8 и Коридор 10д на минерална суровина – доломитски мермер на Јавното претпријатие за државни патишта, на локалитетот „Голема Чука“, Општина Гостивар

73. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

74. Информација во врска со поднесено Барање за добивање на согласност на овластување за изградба на објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори, со предлог-одлуки

75. Предлог-одлука за склучување на Анекс на Договорот за концесија за начинот на обезбедување на средствата за целосна реализација на проект од јавен интерес, со прилози

76. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 18 декември 2025 година до 24 декември 2025 година

77. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 18 декември 2025 година до 24 декември 2025 година

78. Информација за концепт за проектот (Project concept note) за спроведување на План за реконструкција на згради кои ги користат лицата од јавниот сектор на државно ниво за периодот ноември 2025–ноември 2028 година

79. Информација од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори за постапување по заклучоците на Владата на Република Северна Македонија за разгледување на склучени договори за доделување на државна помош со цел утврдување на постоење на околности и услови за поведување на арбитражна постапка

80. Предлог на закон за Јавното обвинителство

81. Предлог-уредба за поблиските критериуми за остварување на правото на додаток на плата и за начинот на утврдување на висината на додатокот на плата за ЕУ и ИПА структурите

82. Информација во врска со Програмата за изменување на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат јавните установи во областа на културата за 2025 година, со Предлог-одлука

83. Предлог–решение за формирање Централизиран кризен координативен штаб за имплементација на „Стратегискиот план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион (2023–2030)“

84. Предлог-програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2026 година

85. Предлог-програма за остварување на социјалната заштита за 2026 година

86. Предлог-одлука за утврдување на максималниот износ на нето-задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2026 година

87. Информација за донесување на методологија за спогодбено раскинување на договори за концесија за МХЕЦ,

88. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на културата за 2025 година, со образложение

89. Информација за максималниот износ на ново задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на меѓународниот пазар на капитал–еврообврзница на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

90. Информација за потребата од назначување на агент за процесни услуги на Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии, во процесот на издавање на еврообврзница на меѓународниот пазар на капитал и процесот на предвремен откуп на дел од претходно издадена еврообврзница

*
*  *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Сто триесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 декември 2025 година.

*
*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

Точка 1

Владата ја разгледа Информацијата за давање овластување за потпишување на Анекс за изменување и дополнување на поединечниот колективен договор во делот за плата, други права по основ на плата и надоместоци на плата со кој се врши зголемување на платите на вработените во Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје, со Анекс за изменување и дополнување на поединечниот колективен договор, ја усвои Информацијата и го овласти директорот на Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје да го потпише Анексот за изменување и дополнување на поединечниот колективен договор во делот за плата, други права по основ на плата и надоместоци на плата, со кој се врши зголемување на платите на вработените во Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје, започнувајќи со исплата на плата од јануари 2026 година.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии, потребните средства за зголемување на платите на вработените во Јавната установа да бидат обезбедени во рамки на сопствениот буџет.

Точка 2

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за престанок и давање на времено користење на движна ствар на Државно правобранителство на Република Северна Македонија.

Точка 3

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување на Анекс бр.3 кон Спогодбата за регулирање на начинот на плаќање на обврските, согласно склучените договори за заем каде АД Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје е во својство на заемопримач, за продолжување на рокот на отплата на заемите до 31.12.2026 година, ја усвои Информацијата и им препорачува на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државната лотарија на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, Акционерското друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Република Северна Македонија“ во државна сопственост, Јавното претпријатие Национална радиодифузија - Скопје, во својство на заемодавачи, а во согласност со нивната финансиска можност да склучат Анекс бр.3 кон Спогодба за регулирање на начинот на плаќање на обврските, согласно склучените договори за заем на Акционерското друштво Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, во својство на заемопримач, за продолжување на рокот на отплата на заемите до 31.12.2026 година.

Точка 4

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за постапување согласно член 11 од Законот за иновациска дејност, научно- технолошки развој и претприемништво, со Предлог-одлука, поради потребата од дополнителни усогласувања.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

Точка 5

Владата ја разгледа Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, со Предлог-одлука и условно ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, доколку предлагачот предметниот материјал го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 6

Владата ја симна од Дневен ред Предлог - одлуката за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавното претпријатие за државни патишта.

Точка 7

Владата ги разгледа Информацијата за Годишната сметка на Јавното претпријатие за државни патишта за 2024 година, финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2024 година и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2024 година, со Извештај на независниот ревизор и предлог-одлуки и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие за државни патишта за 2024 година.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност  на Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2024 година.

3. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2024 година.

Истовремено, се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, во рок од 30 дена, да подготви и до Владата да достави информација за преземените мерки, во врска со постапувањето по забелешките во ревизорскиот извештај.

Точка 8

Владата ги разгледа Годишната сметка за 2024 година, Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Ц.О. Скопје, за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година, финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2024 година, со Извештај на независниот ревизор и предлог-одлуки и притоа заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Ц.О. Скопје за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за распределба на средствата остварени од работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Ц.О. Скопје за 2024 година.

Истовремено, се укажува на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Ц.О. Скопје, да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави информација за преземените мерки, во врска со постапувањето по забелешките во ревизорскиот извештај.

Точка 9

Владата ја разгледа Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ во електронска форма, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ во електронска форма.

Точка 10

Владата ја разгледа Одлуката за утврдување на малопродажната цена на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ од примерок, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на малопродажната цена на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ од примерок.

Точка 11

Владата заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за продажба на станбен простор бр.02-3669/8 од 9.6.2025 година.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба бр.02-3669/8-1 од 9.6.2025 година.

Точка 12

Владата заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за продажба на станбен простор бр.02-3669/9 од 9.6.2025 година.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба бр.02-3669/9-1 од 9.6.2025 година.

Точка 13

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Битола.

Точка 14

Владата ја донесе Уредбата за субјектите, посебните услови и начинот на лансирање на ракети против градоносни облаци.

Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром.

Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата за поднесената Иницијатива од инвеститорот Друштво за производство на електрична енергија Парк на ветерни електрани Перун ДОО Скопје, за реализација на објект од јавен интерес од значење на Република Северна Македонија, изградба на парк на ветерни електрани на територијата на Општина Богданци, со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за прифаќање на Иницијативата за експропријација на земјиште во приватна сопственост заради реализација на јавен интерес од значење за Република Северна Македонија за изградба на објект од областа на енергетиката.

2. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да го извести Друштвото за производство на електрична енергија Парк на ветерни електрани Перун ДОО Скопје за прифатената Иницијатива, со цел истото да депонира средства на депозитната сметка на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини во рамки на Трезорската сметка, во висина на проценетата вредност на недвижноста која треба да се експроприра,

согласно Извештајот за процена на недвижен имот од 24.7.2024 година од Друштвото за процени и вештачења „МБ – Процес ПРО“ ДОО Гевгелија.

Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата за сообраќајно поврзување на ТИРЗ Ранковце на Експресен пат А2 - делница Ранковце – Крива Паланка, ја усвои Информацијата и ги донесе заклучоците што Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони ќе ги усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Анекс-договор бр.3 кон Договорот за доделување на државна помош помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство и трговија Џојсон сејфти системс Македонија ДООЕЛ Кичево и Џојсон сејфти системс Луксембург С.а.р.л.,бр.03-174/1 од 22.1.2015 година, Анекс-договор бр.1, бр.13-1600/1 од 14.11.2016 година и Анекс-договор бр.2, бр.13-1182/1 од 14.10.2021 година, со прилози и со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс-договорот бр.3 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство и трговија Џојсон сејфти системс Македонија ДООЕЛ Кичево и Џојсон сејфти системс Луксембург С.а.р.л. бр.03-174/1 од 22.1.2015 година, Анекс-договор бр.1 бр.13-1600/1 од 14.11.2016 година и Анекс-договор бр.2 бр.13-1182/1 од 14.10.2021 година.

Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Анекс-договор бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство и трговија Џојсон сејфти системс Македонија ДООЕЛ Кичево и Џојсон сејфти системс Луксермбург С.а.р.л., бр.13-1181/1 од 14.10.2021 година, со прилози и со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс-договор бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство и трговија Џојсон сејфти системс Македонија ДООЕЛ Кичево и Џојсон сејфти системс Луксермбург С.а.р.л. бр.13-1181/1 од 14.10.2021 година.

Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Анекс-договорот бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги Пурпласт МК ДОО Илинден и Пур-Пласт Полиуретан Пластик Кимја Санаји Ве Тиџарет Аноним Ширкети (Pur-Plast Poliuretan Plastik Kimya San. Ve Tic. A.S.), бр.13-282/1 од 5.2.2021 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс-договорот бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги Пурпласт МК ДОО Илинден и Пур-Пласт Полиуретан Пластик Кимја Санаји Ве Тиџарет Аноним Ширкети (Pur-Plast Poliuretan Plastik Kimya San. Ve Tic. A.S.), бр.13-282/1 од 5.2.2021 година.

Точка 21

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со донесување на Стратегија за геолошки истражувања, одржливо искористување и експлоатација на минералните суровини на Република Северна Македонија, за период од 20 години, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот предметниот материјал да го усогласи со Секретаријатот за законодавство и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - минерална вода на локалитетот „с. Мокрино“, Општина Ново Село, со Предлог–одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-минерална вода на локалитетот „с. Мокрино“, Општина Ново Село.

Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за земјоделство, производство, градежништво, трговија, угостителство, сообраќај и услуги „Печково ГО и ДЕ“ ДОО експорт-импорт с.Печково-Вруток, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Румена Несороска, ул. „180“ бр.15-17, Тетово, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Дис енергија ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Мала Река со реф.бр.361 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија, како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Мала Река со реф.бр.361, заведен под број 11-2436/1 од 11.4.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 22.9.2026 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Дис енергија ДОО Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа МХЕЦ Мала Река со реф.бр.361, најмалку до 21.11.2026 година.

Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на нота за пристапување на Министерството за одбрана на Република Бугарија за учество во Писмото за намери помеѓу Министерството за одбрана на Република Албанија и Сојузниот министер за одбрана и спорт на Република Австрија и Министерството за одбрана на Република Хрватска и Министерството за одбрана на Унгарија и Министерството за одбрана на Италијанската Република и Министерството за одбрана на Република Црна Гора и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Република Словенија во врска со воспоставување на рамковна група во контекст на НАТО Концептот за рамковни земји, со текст на Нота и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Нотата за пристапување на Министерството за одбрана на Република Бугарија за учество во Писмото за намери помеѓу Министерството за одбрана на Република Албанија и Сојузниот министер за одбрана и спорт на Република Австрија и Министерството за одбрана на Република Хрватска и Министерството за одбрана на Унгарија и Министерството за одбрана на Италијанската Република и Министерството за одбрана на Република Црна Гора и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Република Словенија во врска со воспоставување на рамковна група во контекст на НАТО Концептот за рамковни земји.

2. Се овластува м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, да ја потпише Нотата за пристапување на Министерството за одбрана на Република Бугарија за учество во Писмото за намери помеѓу Министерството за одбрана на Република Албанија и Сојузниот министер за одбрана и спорт на Република Австрија и Министерството за одбрана на Република Хрватска и Министерството за одбрана на Унгарија и Министерството за одбрана на Италијанската Република и Министерството за одбрана на Република Црна Гора и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Република Словенија во врска со воспоставување на рамковна група во контекст на НАТО Концептот за рамковни земји.

Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за потребата Република Северна Македонија да се приклучи кон телото на НАТО - Бордот на Систем интерфејс Центар за контрола и известување (Control and Reporting Centre System Interface Board – CSI BOARD) со потпишување Писмо за намери – (Letter of intent), со Писмо за намери и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана да го потпише Писмото за намери за членство во Бордот на Систем интерфејс Центар за контрола и известување.

2. Се задолжува Министерството за одбрана во рок од десет дена од денот на потпишувањето на Писмото за намери за членство во Бордот на Систем интерфејс Центар за контрола и известување, истото да го достави до НАТО Агенцијата за комуникации и информации (NCI Agency).

Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за доделување на Амандман бр.2 на Договор за техничка поддршка (Amendment 2 to TA 0206-23 050774402), во врска со Договорот за набавка на лесни оклопни возила на тркала „STRYKER“ МК-В-UCE, склучен помеѓу Владата на Република

Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави, со усогласен текст на Амандман бр.2 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го утврди усогласениот текст на Амандманот бр.2 на Договорот за техничка поддршка (Amendment 2 to TA 0206-23 050774402), во врска со Договорот за набавка на лесни оклопни возила на тркала „STRYKER“ MK-B-UCE, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави.

2. Се овластува Елизабета Чуповска-Ристова, државен секретар во Министерството за одбрана, да го потпише Амандманот бр.2 на Договорот за техничка поддршка (Amendment 2 to TA 0206-23 050774402), во врска со Договорот за набавка на лесни оклопни возила на тркала „STRYKER“ MK-B-UCE, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави.

3. Се задолжува Министерството за одбрана, во име на Владата на Република Северна Македонија пред потпишување на Амандманот бр.2 на Договорот за техничка поддршка (Amendment 2 to TA 0206-23 050774402), во врска со Договорот за набавка на лесни оклопни возила на тркала „STRYKER“ MK-B-UCE, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави, да ја информира Комисијата за одбрана и безбедност во Собранието на Република Северна Македонија.

Истовремено, да се има предвид мислењето на Министерството за финансии, со укажување потребните средства за спроведување на наведените активности, Министерството за одбрана да ги обезбеди во рамки на утврдените среднорочни максимални износи на расходи во буџетот.

<u>Точка 29</u>

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите против Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права - Таниќ А.бр.33847/24, Ивановски и др., А.бр.13591/25 и 27 други апликации, Петковиќ и Арсовска, А.бр.4514/24 и 4 други апликации и Зафировски и др., А.бр. 41929/23 и 19 други апликации и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметите против Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права-Таниќ А.бр.33847/24, Ивановски и др., А.бр.13591/25 и 27 други апликации, Петковиќ и Арсовска, А.бр.4514/24 и 4 други апликации и Зафировски и др., А.бр.41929/23 и 19 други апликации.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата, на апликантите од предметите-Таниќ А.бр.33847/24, Ивановски и др., А.бр.13591/25 и 27 други апликации, Петковиќ и Арсовска, А.бр.4514/24 и 4 други апликации и Зафировски и др., А.бр.41929/23 и 19 други апликации (како во табелите 1-4 во прилог составен дел на оваа информација) ќе им исплати вкупен износ од вкупно 86.370 евра во денарска противвредност, или поединечно по апликација, односно по апликант износот наведен во табелите 1-4 во прилог составен дел на оваа информација).

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантите, во предметите-Таниќ А.бр.33847/24, Ивановски и др., А.бр.13591/25 и 27 други апликации, Петковиќ и Арсовска, А.бр.4514/24 и 4 други апликации и Зафировски и др., А.бр.41929/23 и 19 други апликации да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметите, да изрази

еднострана декларација пред Европскиот суд за човекови права со која ќе ја признае повредата на Европската конвенција за човекови права и за целите на конечно решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права на апликантите да им понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметите.

Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Владимир и Александар Здравев против Република Северна Македонија А.бр.18455/24 и 19206/24, пред Европскиот суд за човекови права и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметите против Република Северна Македонија на Владимир и Александар Здравев против Република Северна Македонија, А.бр.18455/24 и 19206/24.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата, на апликантите од предметите Владимир и Александар Здравев против Република Северна Македонија А.бр.18455/24 и 19206/24, ќе им исплати вкупен износ од 9.500 евра (по 3.900 евра за секој од двајцата апликанти за надомест на нематеријална штета и по 850 евра за секој апликант за надомест на трошоците), во денарска противвредност.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантите во предметите Владимир и Александар Здравев против Република Северна Македонија А.бр.18455/24 и 19206/24, да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметите, да изрази еднострана декларација пред Европскиот суд за човекови права со која ќе ја признае повредата на Европската конвенција за човекови права и за целите на конечно решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права, на апликантите да им понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметите.

Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Нешевски и Скромност ДООЕЛ Битола против Република Северна Македонија, А.бр.6548/22 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметот Нешевски и Скромност ДООЕЛ Битола против Република Северна Македонија, А.бр.6548/22.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот Нешевски и Скромност ДООЕЛ Битола против Република Северна Македонија, А.бр.6548/22 да прифати дека државата ќе им исплати на двајцата апликанти вкупен износ од 10.700 евра во денарска противвредност.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантите, во предметот Нешевски и Скромност ДООЕЛ Битола против Република Северна Македонија, А.бр.6548/22, да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметот, да изрази еднострана декларација пред Европскиот суд за човекови права со која ќе ја признае повредата и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на двајцата апликанти да им понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на одлуките на Европскиот суд за човекови права во предметите Валентина Петковска и други (А.бр.41520/23) и 14 други апликации против Република Северна Македонија и Небија против Република Северна Македонија А.бр.7454/21, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да достави предлог-одлука за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

Точка 33

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за условите за распределба и користење на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, поради потребата предлагачот истата да ја усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии, како и да обезбеди мислење од Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за утврдување на целите и придонесите за енергетска ефикасност на ниво на Република Северна Македонија, со Предлог-уредба, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Уредбата за утврдување на целите за енергетска ефикасност на ниво на Република Северна Македонија, доколку предлагачот достави кореспондентни табели, изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија со кореспондентна табела и мислење од Секретаријатот за законодавство за извајавта за усогласеност со кореспондентна табела на прописот.

Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата за спроведени активности за регулирање на заштита на самовработени работници кои не се опфатени со задолжителното социјално осигурување и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади да достави предлог на закон за регистрација на самовработени работници, кои не се опфатени со задолжителното социјално осигурување, до Владата, најдоцна до 30 септември 2026 година.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за економија и труд, Министерството за здравство, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, Министерството за спорт и Министерството за култура и туризам, а се укажува на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, во рок од 15 дена до Министерството за социјална политика,

демографија и млади да номинираат член и заменик - член во работната група за изработка на предлог на закон за регистрација на самовработени работници, кои не се опфатени со задолжителното социјално осигурување.

Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за основање на Приватна установа за социјална заштита на стари лица „Хармонија“- Скопје, со седиште на ул. ,,Славе Деловски“ бр.18, Општина Центар, Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одземање на одобрение за основање на Приватна установа за социјална заштита на стари лица „Хармонија“ – Скопје.

Точка 37

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност.

Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за трговија и услуги Чилам ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за изменување на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за трговија и услуги ЧИЛАМ ДООЕЛ Скопје.

Точка 39

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на спортот за 2025 година.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот потребните финансиски средства да ги планира во рамки на максималните лимити на расходи за наредниот среднорочен период.

Точка 40

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија – Скопје.

Точка 41

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница - Кичево.

Точка 42

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за хирургија на лице, вилици и врат -

максилофацијална хирургија - академик Илија Васков - Скопје (апарат за анестезија за деца и возрасни).

Точка 43

Владата ги разгледа Предлог-одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Комисија за спроведување на реформи во пензискиот систем и Предлог-решението за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за спроведување на реформи во пензискиот систем и ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Комисија за спроведување на реформи во пензискиот систем.

Предлог-решението за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за спроведување на реформи во пензискиот систем да се разгледа на првата наредна седница на Владата, по влегување во сила на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Комисија за спроведување на реформи во пензискиот систем.

Точка 44

Владата го разгледа Решението за изменување и дополнување на Решението за определување на бројот на наставници и стручни соработници во средните училишта кои може да се стекнат со звање наставник-ментор, односно стручен соработник-ментор, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за изменување и дополнување на Решението за определување на бројот на наставници и бројот на стручни соработници во средните училишта кои може да се стекнат со звање наставник-ментор, односно стручен соработник-ментор.

Точка 45

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за државните награди поднесен од пратеникот Сали Мурати и притоа го утврди следново мислење:

Турската заедница, преку својот културен и јазичен придонес, континуирано го збогатува културниот живот и разноликоста на државата, а воедно придонесува кон нејзиниот мултикултурен и историски развој. Преку институционални политики и мерки, континуирано се обезбедува афирмација, видливост и промоција на културата на сите заедници, при што доследно се применува и уставниот принцип на соодветна и правична застапеност. Во таа насока, во 2023 година Владата на Република Северна Македонија, со цел афирмација, негување и заштита на културата на турската заедница, со Одлука ја основа Националната установа „Центар за култура на турската заедница во Република Северна Македонија“ – Скопје.

Постоечкиот систем на државни награди е изграден врз принцип на препознавање врвни културни, научни и уметнички остварувања од државен интерес, без оглед на етничка, јазична или друга припадност. Воведувањето на посебна награда заснована врз критериуми поврзани исклучиво со културното творештво на една етничка заедница може да придонесе до нарушување на утврдената системска рамка и кохерентност на системот на државните награди.

Во однос на фискалните импликации кои произлегуваат од Законот за државните награди, се укажува на следново:

Со Законот за државните награди („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/06, 54/07, 74/12 и 99/18), во Република Северна Македонија се доделуваат следниве државни награди:

1. „11 Октомври“ (се оддава највисоко признание за животно дело во областа на науката, уметноста, стопанството и во другите дејности од јавен интерес)

Во една година може да се доделат најмногу до пет награди. Паричниот износ на наградата „11 Октомври“ изнесува петнаесет просечни плати во Републиката исплатени во последните три месеци во тековната година. (15*45.466=681.990*5=3.409.950)[1]

2. „23 Октомври“ (се оддава највисоко признание за долгогодишни остварувања во областа на науката, културата, образованието, заштитата на државните интереси и промоција на државните приоритети, вредности и културно-историското наследство на Република Северна Македонија).

Во една година може да се доделат најмногу до пет награди. Паричниот износ на наградата „23 Октомври“ изнесува десет просечни плати во Републиката исплатени во последните три месеци во тековната година. (10*45.466=454.660*5=2.273.300).

3. „8 Септември“ (се оддава признание на тренери [селектори и тренери] и спортски работници, заради промовирање на Република Северна Македонија во светот со остварени високи спортски резултати во меѓународниот спорт со кои се дава исклучителен придонес за развој на спортот во Република Македонија).

Во една година може да се доделат најмногу до пет награди, од кои една награда е за животно дело. Паричниот износ на наградата „8 Септември“ изнесува десет просечни плати во Републиката исплатени во последните три месеци во тековната година (10*45.466=454.660*4=1.818.640).

4. „Св. Климент Охридски“ (се оддава највисоко признание за долгогодишни остварувања во областа на воспитанието, образованието, културата, уметноста, здравството, спортот, заштитата и унапредувањето на човековата околина и во социјалната дејност).

Во една година може да се доделат најмногу до пет награди. Паричниот износ на наградата „Св. Климент Охридски“ изнесува десет просечни плати во Републиката исплатени во последните три месеци во тековната година. (10*45.466=454.660*5=2.273.300).

5. „Гоце Делчев“ (се оддава признание за остварувања во областа на науката). Во една година може да се доделат најмногу до три награди. Паричниот износ на наградата Гоце Делчев изнесува пет просечни плати во Републиката исплатени во последните три месеци во тековната година (5*45.466=227.330*3=681.990).

6. „Мито Хаџи Василев - Јасмин“ (се оддава признание за остварувања во областа на публицистиката и новинарството). Во една година може да се доделат најмногу до две награди. Паричниот износ на наградата Мито Хаџи Василев - Јасмин изнесува пет просечни плати во Републиката исплатени во последните три месеци во тековната година (5*45.466=227.330*2=454.660).

7. „Мајка Тереза" (се оддава признание за остварувања во областа на хуманоста и човечката солидарност и за поттикнување, унапредување на меѓусебното разбирање и развој на соработката како меѓу народите, така и меѓу припадниците на различните заедници, култури и вери). Во една година може да се доделат најмногу до две награди. Паричниот износ на

[1] Податокот за пресметка на фискалните импликации од секоја награда просечна исплатена нето - плата по вработен – септември 2025 година согласно податоците од Државниот завод за статистика, објавен на 21 ноември 2025 година https://www.stat.mk/mk/stat/%D0%BD%D0%B0%D1%81%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%B5-%D0%B8-%D1%83%D1%81%D0%BB%D0%BE%D0%B2%D0%B8-%D0%B7%D0%B0-%D0%B6%D0%B8%D0%B2%D0%B5%D0%B5%D1%9A%D0%B5/pazar-na-trudot/prosechna-mesechna-isplatena-neto-plata-po-vraboten/

наградата „Мајка Тереза“ изнесува пет просечни плати во Републиката исплатени во последните три месеци во тековната година. (5*45.466=227.330*2=454.660).

8. „22 Ноември“ (се оддава признание на луѓе од политичкиот, културниот и општествениот живот во Република Северна Македонија кои дале свој придонес во унапредување на меѓучовечкиот соживот и меѓусебното разбирање меѓу припадниците на различните заедници, култури и вери во Република Македонија). Во една година може да се доделат најмногу до две награди. Паричниот износ на наградата „22 Ноември“ изнесува пет просечни плати во Републиката исплатени во последните три месеци во тековната година. (5*45.466=227.330*2=454.660).

9. „Мето Јовановски“ (се оддава највисоко признание за долгогодишни остварувања во областа на промоцијата, заштита и унапредувањето на човековите права). Во една година може да се доделат најмногу две награди. Паричниот износ на наградата Мето Јовановски изнесува пет просечни плати во Републиката исплатени во последните три месеци во тековната година. (5*45.466=227.330*2=454.660).

Оттука, вкупните фискални импликации што произлегуваат од спроведувањето на Законот за државните награди, пресметани само по основ на исплатата на веќе утврдените награди, изнесуваат 6.592.570 денари на годишно ниво. Притоа, во овој износ не се опфатени дополнителните средства потребни за стручните, финансиските и административните активности поврзани со работата на одборите, министерствата и другите надлежни институции.

Со Предлогот на закон се предлага востановување на нова државна награда „Неџати Зекерија" со која ќе се оддава признание за остварувања во областа на турскиот јазик и турската култура во Република Северна Македонија. Со ова се предлага во една година да можат да се доделат најмногу до две награди, а паричниот износ на наградата „Неџати Зекерија“ да изнесува пет просечни плати во Републиката исплатени во последните три месеци во тековната година. Стручните, финансиските и административните работи во врска со доделувањето на новата државна награда да ги врши Министерството за образование и наука.

Финансиските импликации кои произлегуваат од воспоставувањето нова државна награда, а кои се надоврзуваат на веќе утврдениот опфат и значителниот финансиски товар на постојните девет државни награди, дополнително го оптоваруваат Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година во кој не се предвидени средства за оваа намена, заради што по однос на доставениот Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државните награди, Владата на Република Северна Македонија не се произнесува позитивно.

<u>Точка 46</u>

Владата го одложи разгледувањето на Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2026 година и Одлука за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2026 година, со Предлог-одлука, поради потребата Министерството за социјална политика, демографија и млади во соработка со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство да подготви и до Владата да достави заедничко (обединето) мислење.

Министерството за социјална политика, демографија и млади да ја извести Владата кога повторно материјалот да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

<u>Точка 47</u>

Владата ја разгледа Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје и притоа го утврди следното мислење:

Во основот на Статутарната одлука, наместо со кратенки, ќе треба да се наведе целосниот наслов на Законот за високото образование (*), како и целиот назив на „Службен весник на Република Македонија", односно на „Службен весник на Република Северна Македонија", во чии броеви е објавен Законот за високото образование (*).

Членот 1 од предметната одлука, ќе треба да се преформулира во смисла дека во член 1 во ставот 1 по зборот „Науки" сврзникот „и" се заменува со запирка и по зборовите „Факултет за социјални науки", се додаваат зборовите „Правен факултет, Економски факултет и Факултет за хуманистички науки".

Членот 2 од Одлуката, ќе треба да се преформулира во смисла дека во член 2 во ставот 5 зборовите „ул. „Мирче Ацев" бр.4" се заменуваат со зборовите „ул.1669 бр.11 А“.

Членот 3 од Одлуката, ќе треба да се преформулира во смисла дека во член 74 во ставот 2 втората реченица се менува и гласи: „Печатот на единицата, покрај својот назив и седиште, го содржи и името Универзитет „Мајка Тереза" во Скопје/Universiteti „Nënë Tereza" në Shkup/„Mother Teresa" University in Skopje".

Членовите 4 и 5 од Одлуката ќе треба соодветно да се преработат со цел конкретно да се наведе во кој дел и како се предлага изменувањето на одредбите од членовите 75 и 76 од Статутот.

Членовите 6 и 7 од Одлуката, ќе треба да се оформат како еден член 6, со оглед дека се однесуваат на изменување на член 78 од Статутот. Притоа, одредбата од членот 6 од Одлуката, ќе треба да се преформулира во смисла дека во член 78 во ставот 1 втората реченица се менува и гласи: „Над симболот, полукружно е испишан натписот: Универзитет „Мајка Тереза" во Скопје/Universiteti „Nënë Tereza" në Shkup/„Mother Teresa" University in Skopje", а одредбата од член 7 од Одлуката ќе треба да се преформулира во смисла дека ставот 2 се менува и гласи „Во средината на грбот се испишани кратенките УМТ/UNT/MTU“.

Членовите кои следат во Одлуката ќе треба соодветно да се пренумерираат.

Членот 8 од Статутарната одлука станува член 7 и ќе треба да се преформулира во смисла дека во член 89 во ставот 2 првата реченица се менува и гласи „Одората на проректорите, деканите и продеканите е во темносина боја со додаток во светласина и бела боја.“.

Членот 9 од Статутарната одлука станува член 8 и ќе треба да се преформулира во смисла дека во член 99 став 1 во точката 5 на крајот на реченицата точката се брише и се додаваат три нови точки, 6., 7. и 8., кои гласат „6. Правен факултет, 7. Економски факултет и 8. Факултет за хуманистички науки.“.

Членот 10 од Статутарната одлука станува член 9 и ќе треба да се преформулира во смисла дека во член 294 ставот 3 се менува и гласи „Дипломата и додатокот на дипломата на дипломираните студенти им се издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо, на албански јазик и неговото писмо и на англиски јазик и неговото писмо.“.

Точка 48

Владата ја разгледа Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2026 година, со Предлог-одлука за одобрување на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2026 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 109 став (2) од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија" бр.48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/20, 253/23 и 187/24), Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за наредната година, Управниот одбор ја доставува до Собранието на Република Северна Македонија, до 30 ноември во тековната година, а Собранието на Република Северна Македонија, ја одобрува најдоцна до 31 декември истата година.

Предлог годишната програма за работа и развој на Агенцијата, се состои од два дела и тоа: Програма за работа и развој за 2026 година и Финансиски план за 2026 година.

Со Финансискиот план на Агенцијата за 2026 година, приходите и расходите се планирани, во вкупен износ од 13.876.000 денари и истите, во однос на 2025 година се намалени за околу 17%.

Согласно, прикажаните податоци од споредбената анализа, може да се констатира дека во 2026 година, одредени расходи се планирани на исто ниво, во однос на планираното во 2025 година, а одредени расходи се планирани на понизок износ, во однос на планираното за 2025 година, како канцелариски материјали, услуги за одржување на хигиена, поправка и одржување на хардвер и софтвер, обуки за стручно усовршување, семинари, конференции, консултантски и стручни услуги, изработка на студии, превод на материјали и други професионални договорни услуги, изработка на веб - страница, данок на добивка и вкупни расходи по оданочување, не се планирани средства за моторно возило, проектирање и изведба на опрема за пристап на лица со посебни потреби, опрема за видео конференции и систем за централно греење на деловен простор, а нема расходи планирани на повисоко ниво, во однос на 2024 година, притоа е дадено образложение за планираните расходи.

По однос на текстот на Предлог - одлуката за одобрување на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2026 година, се укажува дека текстот на истата има потреба од редакциско подобрување.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки и дава позитивно мислење по Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2026 година.

Точка 49

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на членот 6 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/07, 103/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.13/23 и 59/25), поднесено од пратеникот Бојан Стојаноски и го утврди Мислењето на Министерството за економија и труд, подготвено во соработка со Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со заклучок истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 50

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.158/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 55 став 3 во делот „и во форма на управен договор“ од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15 и 65/18) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата, ја оспорува уставноста на ставот (3) од член 55 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15 и 65/18), во делот на „и форма на управен договор”, поради што бара од Уставниот суд да поведе постапка и да ја укине оспорената законска одредба.

Во однос на наводите изнесени во самата Иницијатива, се смета дека истата е беспредметна, укажувајќи дека сите наводи во Иницијативата се неосновани, односно оспорениот дел од член 55 став (3) од Законот за општа управна постапка не создава повреда на начелото на непристрасност, не создава правна неизвесност, не ја нарушува систематиката со Законот за управни спорови и нема никаква поврзаност со проблемите кои подносителот ги наведува во делови од Иницијативата.

Одредбата од Законот ја проширува формата во која може да се изрази постигнато порамнување меѓу странките, без да ја менува неговата правна природа или учесниците во постапката. Членот 55 од истиот закон уредува порамнување меѓу две или повеќе странки со спротивни барања во управна постапка. Управниот орган ја води постапката/процесот и не е странка во спорот.

Од друга страна, управниот договор, согласно член 98 и останатите наведени одредби во уставната иницијатива, претставува посебен правен инструмент што се применува само кога тоа е предвидено со посебен закон и кога меѓу органот и странката се уредуваат односи врз основа на јавни овластувања.

Оспорениот член со уставната Иницијатива не ги поистоветува овие два институти, туку овозможува порамнувањето, доколку неговата содржина создава обврски за органот во вршењето јавни овластувања, да се изрази во форма на управен договор. Тоа не значи дека порамнувањето „прераснува“ во управен договор, ниту дека органот станува странка во спорот меѓу приватните странки.

По однос на наводите за нарушување на начелото на непристрасност (точки 1 и 2 од Иницијативата), се посочува дека ниту членот 55, дотолку помалку другите релевантни одредби предвидуваат јавниот орган да биде арбитер или странка во порамнувањето помеѓу две приватни странки. Наводите во Иницијативата се базираат на слободно толкување, а не на законски текст. Кога порамнувањето се запишува во форма на управен договор, органот ги уредува сопствените односи со странката врз основа на законски овластувања, а не врши арбитража меѓу спротивставени интереси на странките. Поништувањето на порамнувањето или управниот договор, кога тоа е потребно поради незаконитост или заштита на јавниот интерес, претставува вршење на службена должност, а не пристрасност. Затоа не е повредено начелото на непристрасност, член 8 од Законот за општа управна постапка, ниту начелото на еднаквост на граѓаните од член 9 став (2) од Уставот.

Наводите дека не постојат рокови за поведување постапка за поништување на управниот договор се неосновани во целост. Роковите за поднесување тужба, како за физички лица, така и за јавните органи, се еднакво предвидени и пропишани во Законот за управните спорови. Оттука, не може да се зборува за правна неизвесност, ниту за празнина во Законот за општата управна постапка. Напротив, системот е кохерентен: Законот за општа управна постапка ги уредува материјалните предуслови, а Законот за управни спорови, процесните рокови.

За наводите од точка 4 од Иницијативата, тврдењето за постоење на правна недоследност околу поништувањето на управниот акт и управниот договор затоа што член 99 став (1) алинеја 2 од Законот за општата управна постапка упатува на случаи кога се поништува управен акт, додека Законот за управните спорови ограничува кои причини водат кон поништување на управен акт, а споровите поврзани со управен договор се различно уредени.
Тврдењето е неосновано бидејќи истото не е во правна или логична поврзаност со предметот на Иницијативата и не може да влијае врз оценката на уставноста на член 55 став (3). Најпрво членот 99 став (1) алинеја 2 од Законот за општата управна постапка предвидува дека ако се исполнети условите за задолжително поништување на управен акт, истите последици важат и за управниот договор. Тоа е логична и системска поврзаност, со цел спречување договор да произведе последици кои не би биле дозволени преку управен акт. Законот за управните спорови не создава ограничување–напротив, член 3 алинеја 8 јасно пропишува дека управниот спор ги опфаќа и споровите што произлегуваат од постапката за склучување на управните договори, што ја потврдува доследноста на законскиот систем. Не постои недоследност помеѓу контролата на управните акти и контролата на управните договори – тие се различни процесни категории, со одделни основи за поништување утврдени во Законот за управни спорови, и ова не влијае на валидноста на член 55 став (3) од Законот за општата управна постапка. Дури и доколку постојат различни основи за поништување, тоа нема никаква врска со прашањето дали порамнувањето може да се склучи во форма на управен договор.

Оттука, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на оспорениот член 55 став (3) од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15 и 65/18), од причина што одредбата само овозможува порамнувањето да се изрази во форма на управен договор кога содржината тоа го наложува, без да ја измени природата на порамнувањето или улогата на органот и истата е уставна, јасна и целосно во согласност со принципите на владеење на правото и со другите релевантни закони.

<u>Точка 51</u>

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.156/2025 за оценување на уставноста на член 18 став 5 од Законот за вештачење („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/23) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на делот „во согласност со закон“ од член 18 став (5) од Законот за вештачење („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/23), од причина што оспорената одредба не е во согласност со членот 8 став (1) алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија каде се пропишани темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, конкретно владеењето на правото, како и членот 6 став (1) од Европската конвенција за човекови права. Подносителот, во образложението на Иницијативата, навел дека „оспорениот дел, би можело да се смета дека се воспоставува однос на lex generalis наспрема lex specialis со тоа што, lex specialis-от би го означувал другиот закон во чии одредби треба да се содржани правилата на враќање на средствата доколку не биде полаган испитот“. Дополнително, подносителот навел „отсуството на таков посебен закон кој би го регулирал враќањето на средствата уплатени на име полагање на испит за вештак, не создава еднаквост, туку токму спротивното: нееднаквост, но не во корист на лицето кое ја извршило уплатата за полагање на испитот, но од едни или од други причини, одлучило да не го полага испитот во рок од една година од извршената уплата.

Согласно членот 8 од Уставот на Република Северна Македонија:
„Темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија се:
— основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот;
— слободното изразување на националната припадност. Соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа;
— владеењето на правото;
— поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска;
— политичкиот плурализам и слободните непосредни и демократски избори;
— правната заштита на сопственоста;
— слободата на пазарот и претприемништвото;
— хуманизмот, социјалната правда и солидарноста;
— локалната самоуправа;
— уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата и
— почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.
Во Република Северна Македонија слободно е сè што со Уставот и закон не е забрането.“.

Согласно член 6 став (1) од Европската конвенција за заштита на човековите права: ,, Секој има право правично и јавно, во разумен рок, пред независен и непристрасен со закон воспоставен суд да бидат разгледани и утврдени неговите граѓански права и обврски или основаноста на какви било кривични обвиненија против него. Пресудата се изрекува јавно, а новинарите и публиката можат да бидат исклучени за време на целата или на дел од постапката во интерес на моралот, јавниот ред или националната безбедност во едно демократско општество, кога тоа го наложуваат интересите на малолетник или заштитата на приватниот живот на страните во спорот или кога тоа судот го смета за неопходно затоа што во посебни околности публицитетот би можел да им нанесе штета на интересите на правдата.

Согласно член 18 став (5) од Законот за вештачење „Доколку кандидатот во рок од една година од денот на уплатата на средствата не го полага испитот, уплатените средства се враќаат во согласност со закон.“

Се смета дека поднесената Иницијатива е неоснована од следните причини:

Со Законот за вештачење (*) се уредува вршењето на вештачењето, условите и начинот на вршењето на вештачењето, субјектите што вршат вештачење, условите и постапката за полагање испит за вештак, услови за издавање, престанок или за одземање лиценца за вештачење, награда и надоместок на трошоците за извршеното вештачење, основањето, надлежноста, организацијата и работењето на Комората за вештаци и другите органи на управување, посебна постапка за стекнување со лиценца за вештачење како и други прашања од значење за судските вештачења и супервештачења.

За да се оцени уставноста на оспорената одредба потребно е истата да се разгледа во корелација со останатите одредби од Законот за вештачење како целина, од каде и произлегува и целта и улогата на оспорената законска одредба.

Согласно член 12 од Законот за вештачење „Испитот за вештак од соодветна област се спроведува најмалку двапати годишно“.

Согласно член 14 став (1) од Законот за вештачење „Стручните и административните работи за потребите на спроведување на испитот ги врши Министерството за правда, за што министерот за правда со одлука определува одговорно лице - секретар од редот на вработените во министерството, кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот.“

Оттука, членот 18 од Законот за вештачење јасно и недвосмислено пропишува дека трошоците за полагање на испитот се на товар на кандидатот, доколку институцијата каде што е вработен не ги плати. Висината на трошоците за полагање на испитот се определува од страна на министерот за правда врз основа на реално направените трошоци за полагање на испитот, кои се неопходни за спроведување на првиот и на вториот дел на испитот, спроведувањето на писмениот тест, изработувањето материјали и покани и изработка на уверенија. Трошоците за полагање на испитот се уплатуваат на сметката на сопствени приходи на Министерството за правда, а доколку истите не се уплатени на соодветната сметка на Министерството за правда најдоцна 15 дена пред денот определен за спроведување на испитот, на кандидатот не му се дозволува полагање на испитот.

Целта и улогата на оспорената одредба од член 18 став (5), всушност, е во насока на враќање на уплатените средства доколку кандидатот се пријавил за полагање, но не го искористил правото да го полага испитот за вештак во текот на една година (две испитни сесии), за што уплатените средства се враќаат во согласност со закон, односно се враќаат на сметка на кандидатот, за што јасно може да се согледа од евиденцијата која одговорното лице – секретар при Министерството за правда е должно да ја води согласно член 15 став (6) од Законот за вештачење, каде е пропишано дека „Министерството за правда води досие за секое лице што поднело барање за полагање испит за вештак.“

Оттука, целосно се бесцелни и неосновани наводите на подносителот на Иницијативата дека со оспорената одредба се создава нееднаквост по било кој основ, имајќи предвид дека истата се применува еднакво и недискриминаторски кон сите кандидати кои поднеле барање за полагање испит за вештак, при што критериумот за враќање на уплатените средства е објективен, јасно утврден со закон и врзан исклучиво за фактот дали кандидатот во рок од една година го искористил правото да го полага испитот, што во целост може да се утврди преку законски пропишаната евиденција што Министерството за правда е должно да ја води за секој кандидат.

Воедно, темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија и владеење на правото би требало да се ценат од аспект на почитување на правата загарантирани со Уставот и законите, а во случај на евентуална повреда, да се обезбеди заштита пред судовите, што, всушност, е предвидена при носење на управни акти согласно одредбите од Законот за општата управна постапка.

Концептот и суштината на наводите изнесени во уставната Иницијатива не кореспондираат со содржината и целта на член 6 став (1) од Европската конвенција за заштита на човековите права, бидејќи истите не се однесуваат на прашања поврзани со правото на правично судење, пристап до суд, ниту на постоење или функционирање на независен и непристрасен, со закон воспоставен суд. Воедно, од наводите на Иницијативата не произлегува јасно и прецизно наведување во што конкретно се состои наводната повреда на Конвенцијата, ниту, пак, е образложено на кој начин оспорената одредба влијае врз остварувањето на граѓански права и обврски во смисла на член 6 од Конвенцијата. Дополнително, Иницијативата останува нејасна и во однос на тоа каков конкретен закон би требало да се донесе, што ја прави правно неаргументирана и недоволно определена Иницијативата.

Воедно, се укажува на тоа дека Уставниот суд на Република Северна Македонија согласно членот 110 од Уставот на Република Северна Македонија одлучува за согласност на законите со Уставот и на другите прописи и на колективните договори со Уставот и законите, но не е надлежен да ја цени усогласеноста на законите со меѓународните договори бидејќи тие не може да бидат предмет на уставно-судска оценка, ниту, пак, можат да бидат критериум за оценување на согласноста на законите со меѓународните договори.

Имајќи го предвид горе наведеното, се смета дека делот „во согласност со закон" од член 18 став (5) од Законот за вештачење е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 18 став (5) од Законот за вештачење („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/23).

<u>Точка 52</u>

Владата ја разгледа Иницијативата од Петар Баришиќ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.161/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/23) и член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/23) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата подносителот ја оспорува уставноста на одредбата од членот 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 154/23), со која се уредува влегувањето во сила на овој закон.

Со уставната Иницијатива се оспорува и членот 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 154/23), со кој, исто така, се уредува влегувањето во сила на овој закон.

Подносителот наведува дека оспорените членови од двата закони се во колизија со членот 52 од Уставот на Република Северна Македонија, бидејќи законите можат да влезат во сила со денот на објавувањето, само по исклучок што го утврдува Уставот на Република Северна Македонија, а во конкретните два закони Собранието на Република Северна Македонија нема утврдено таков исклучок.

Поради ваквото постапување на граѓаните им е ускратено да бидат запознаени со содржината на новите закони пред нивно влегување во сила, во функција на давање можност на субјектите да го прилагодат своето однесување на новиот правен поредок.

Воедно, подносителот му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе Решение за изрекување на времена мерка со која ќе се запре извршувањето на поединечни акти или дејствија, што се преземени врз основа на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 154/23) и член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за облигациони односи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 154/23).

Имајќи ги предвид наводите во Иницијативата се укажува на следното:

Со член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/23), уредено е дека овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Со член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за облигациони односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/23), уредено е дека овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Според член 52 од Уставот на Република Северна Македонија законите и другите прописи се објавуваат пред да влезат во сила. Законите и другите прописи се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија“, најдоцна во рок од седум дена од денот на нивно донесување. Законите влегуваат во сила најрано осмиот ден од денот на објавувањето, а по исклучок, што го утврдува Собранието, со денот на објавувањето. Законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Од анализата на цитираната одредба од членот 52 од Уставот на Република Северна Македонија произлегува дека објавувањето на законите во службено гласило е услов законите да влезат во сила.

Со самото објавување законот станува достапен за сите граѓани, правни лица и институции. Законите влегуваат во сила најрано осмиот ден од денот на објавувањето, а по исклучок што го утврдува Собранието на Република Северна Македонија со денот на објавувањето.

Со оглед на изнесеното, законодавецот има уставно право да утврди поинаков рок од осум дена за влегување во сила на законот. Собранието на Република Северна Македонија со тоа што ги усвоило Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/23) и Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/23), ја утврдило волјата за итна примена.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорениот член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/23) и член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/23), се во согласност со член 52 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му укажува на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли или да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста и да донесе решение со кое се одбива како неоснован предлогот за донесување на решение за изрекување на времена мерка.

<u>Точка 53</u>

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија, У.бр.217/2024 од 10 септември 2025 година, за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Уредбата за Националната рамка на високообразовните квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 154/10) и притоа го утврди следново мислење:

Со Уредбата за Националната рамка на високообразовните квалификации се утврдува Националната рамка на високообразовните квалификации, со која поблиску се определуваат

профилот, целите и појдовните основи за формирањето на студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии, како и студиските програми за кратките циклуси на студии.

Министерството за образование и наука, како членка од 2003 година, високообразовните политики ги хармонизира со документите и препораките од министерските коминикеа од Болоњскиот процес. Со Министерското коминике од Берлин 2003 и од Берген 2005 година, до 2010 година, се предвидува воспоставување на национални рамки на високообразовните квалификации, врз основа на што се изготвени и т.н. даблински дескриптори со кои се опишуваат високообразовните квалификации кои се стекнуваат со завршување на кратките циклуси на студии и трите циклуси на студии. Резултатите од учењето (специфичните дескриптори) се темелат на Општите даблински дескриптори кои се 5:

- знаења и разбирање,
- примена на знаењето и разбирањето,
- способност за проценка,
- комуникациски вештини и
- вештини на учење.

По воспоставувањето на Националната рамка на високообразовните квалификации, земјите членки на Болоњскиот процес изготвуваат т.н. Извештај за самопотврдување со кои потврдуваат дека Националната рамка на високообразовни квалификации е усогласена со Рамката на високообразовни квалификации на Европскиот простот на високо образование (QF-EHEA).

Со донесувањето на наведената уредба, Министерството за образование и наука во соработка со високообразовните установи, успешно одговори на барањето за воведување на Национална рамка на високообразовни квалификации. По нејзиното донесување сите високообразовни установи во земјата ги преуредија и реакредитираа сите студиски програми согласно Уредбата во периодот од 2010-2012 и од тогаш наваму, Уредбата е основа според која се утврдуваат резултатите од учењето (специфичните десиптори) врз основа на кои се дизајнираат студиските програми на сите циклуси на високо образование, но и за наш одговор на обврските од Болоњскиот процес. Во 2013 година беше донесен Законот за Националната рамка на квалификации и таа е рамка за квалификации за доживотно учење.

Заради конзистентност, во Законот за Националната рамка на квалификации, за високообразованите квалификации, опишувањето на резултатите од учење беа преземени од Уредбата за Национална рамка на високообразовни квалификации, со прилагодување на специфичните дескриптори, темелени на петте даблински дескриптори и високообразовните квалификации во трите со кои се опишуваат во Рамката за квалификации за доживотно учење.

Во постапката на поврзување (referencing) на Македонската рамка на квалификации и самопотврдувањето на рамката на високообразовните квалификации пред Советодавната група за Европска рамка на квалификации (EQF AG) овој пристап беше одбранет со прикажување на компатибилноста на петте даблински дескриптори со трите од рамката за доживотно учење, како и со начинот на кој квалификациите се вклучуваат во Рамката на квалификации. Поврзувањето на Националната рамка за квалификации со Европската рамка на квалификации и самопотврдувањето на Националната рамка на квалификации на европскиот простор на високо образование, се вршат по различни критериуми и се објавени и во рамките на Болоњскиот процес и во рамките на Европската комисија.

Македонската рамка на квалификации во делот на високообразовните квалификации има четири нивоа и шест поднивоа и тоа:

- ниво V, со подниво VA (Стручни студии од 90 до 120 ЕКТС Кратки циклуси во рамките на првиот циклус на високообразование) и VB (Постсредно образование) и оваа ниво соодветствува на нивото 5 во Европската рамка на квалификации;
- ниво VI, со подниво VIA (Прв циклус на студии, Универзитетски студии 240 кредити, Стручни студии 240 кредити) и VIB (Прв циклус на студии, Универзитетски студии 180 кредити, Стручни студии 180 кредити) и оваа ниво соодветствува на нивото 6 во Европската рамка на високообразовни квалификации;
- ниво VII, со подниво VIIA (Втор циклус на студии, Магистерски академски студии) и VIIБ (Втор циклус на студии, Специјалистички студии) и оваа ниво соодветствува на нивото 7 во Европска рамка на високообразовни квалификации и
- ниво VIII (Трет циклус на студии, Докторски студии), оваа ниво соодветствува на нивото 8 во Европска рамка на високообразовни квалификации.

Степените на високо образование, стекнати пред денот на влегувањето во сила на Уредбата за национална рамка на високообразовните квалификации, споредени со нивоата во националната рамка на високообразовни квалификации, соодветствуваат на:
- поранешниот степен VI/1 одговара на ниво V, подниво VA во Национална рамка на високообразовни квалификации;
- поранешниот степен VII/1 одговара на ниво VI, подниво VIA во Национална рамка на високообразовни квалификации;
- поранешниот степен VII/2 одговара на ниво VII, подниво VIIA во Национална рамка на високообразовни квалификации и
- поранешниот степен VIII одговара на ниво VIII во Национална рамка на високообразовни квалификации.

Споредувањето на поранешните степени на високо образование е изведено врз основа на барањата од даблинските дескриптори кои се усогласени како општи дескриптори на нивоата на квалификациите. Па така, заради тоа, поранешниот степен VI/1 е определено дека одговара на ниво VA.

Според ова, поранешните студии со завршено вишо образование не се сметат како кратки студии, туку врз основа на општите дескриптори се споредливи со нивото VA и како такви се поврзани со Европската рамка на високообразовни квалификации.

Укинување на Уредбата ќе произведе последици како за дизајнирањето на студиските програми и квалификациите со кои се стекнуваат студентите, така и за поврзувањето на Националната рамка со Европската рамка на квалификации.

Укинувањето на Уредбата, воедно, нема да може да придонесе кон поинаква соодветност на поранешниот степен VI/1 од онаа на нивото VA во Национална рамка на високообразовни квалификации, затоа што споредувањето е резултат на оценката на домашни и меѓународни експерти од сите засегнати страни со преглед и споредба на целите на таквите студиски програми и описите на резултатите од учење од соодветното ниво на квалификации во Европската рамка на квалификации.

Одржувањето и развивањето на квалитетот на високообразовната дејност е резултат на вклученост на сите засегнати општествени чинители и е клучен за општествениот и економскиот развој на земјата. Користењето на квалификациите се заснова на нивната прегледност и споредливост и не постои никаква пречка за работодавачите да ги користат квалификациите од поранешниот степен VI/1 за соодветни работни места според обемот и сложеноста на работните задачи.

Имајќи го предвид горенаведеното, Уредбата за Националната рамка на високообразовните квалификации („Службен весник на Република Македонија" бр.154/10) е во согласност со членовите 8 став (1) алинеја 3, член 9, член 44 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија.

Точка 54

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.155/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 43 став 1 и член 45 став 3 од Законот за дивечот и ловството (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.263/23, 170/24 и 132/25) и притоа го утврди следното мислење:

Со поднесената Иницијатива се предлага поведување на постапка за оценување на уставноста на член 43 став (1) и член 45 став (3) од Законот за дивечот и ловството (*).

Со тоа подносителот на Иницијативата смета дека оспорените одредби се во спротивност со одредбите на член 8 став 1 алинеи 3 и 7 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 8 став 1 алинеи 3 и 7 од Уставот на Република Северна Македонија, темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија се владеењето на правото и слободата на пазарот и претприемништвото (алинеја 7).

Имено, предмет на оспорување е член 43 став (1) од овој закон, во делот кој предвидува можност Министерството привремено да го даде дивечот „на стариот корисник на дивечот во ловиштето или на Јавното претпријатие „Национални шуми" и член 45 став 3, кој овозможува министерот да определи правно лице на кое дивечот ќе му биде даден на времено користење до спроведување на редовната постапка.

Освен тоа, подносителот на Иницијативата тврди дека овие одредби овозможуваат арбитрарност, фаворизирање на „стариот корисник" и заобиколување на принципите на еднаквост, правна сигурност и начелото на владеење на правото.

Во член 37 став (1) од Законот за дивечот и ловството (*) е уредено дека дивечот во ловиштата се дава на користење по пат на јавен повик и договор со правно лице кое ги исполнува условите од истиот.

Според став (5) од истиот член се предвидува исклучок, односно можност за времено користење согласно со член 45 став (3) од Законот за дивечот и ловството (*). Со член 43 став (1) од овој закон се уредува ситуацијата кога: договорот истекол, нема заинтересиран понудувач, не е избран најповолен понудувач или избраниот не го потпишал договорот.
Во тие случаи, Министерството може привремено да го даде дивечот на стариот корисник или на Јавното претпријатие „Национални шуми" до доделување на користење по редовна постапка.

Според член 45 став (3) од овој закон се овозможува министерот да определи правно лице на кое дивечот ќе му биде даден на времено користење во случај на раскинување на договор.

Како што е прецизирано во член 43 став (1) и во член 45 став (3) од Законот за дивечот и ловството (*) дивечот ќе биде даден на користење за времен период до моментот на избор на нов корисник преку јавен повик. Периодот на привремено користење е временски ограничен и целосно дефиниран со цел да се обезбеди континуитет во управувањето со ловиштето, додека не се заврши редовната процедура за избор на нов корисник по пат на јавен повик.

Тоа значи дека не постои неоправдано продолжување на привремениот статус – секогаш се преминува на нов договор по пат на јавен повик, со што се обезбедува транспарентност, еднаквост и конкуренција.

Исто така, важно е да се нагласи дека постапката за привремено користење на дивечот е суштински различна од постапката за доделување концесии, како што е уредено во Законот за концесии и јавно приватно партнерство. Доделувањето концесии се врши на долгорочни права за користење на јавни добра (шумски ресурси, природни богатства и сл.), со што се дефинираат обврски и права на концесионерите за користење на добрата во интерес на јавноста.

Од друга страна, привремено користење на дивечот во ловиштето има краткорочен и технички карактер, заради заштита на животната средина и биодиверзитетот на ловиштето, додека се чека завршување на редовната постапка за доделување на новиот корисник. Нема никакво поврзување со концесии за јавни добра, бидејќи предметот на користење се однесува исклучиво на управување со дивечот и нивната заштита.

Затоа е без основа да се прави споредба меѓу овие две различни постапки, бидејќи тие се регулирани со различни правни рамки и имаат различни цели и ефекти.

Имено, појаснувањето на терминот „одгледување и заштита" е клучно за правилно разбирање на значењето на привременото користење. Во контекст на Законот за дивечот и ловството(*), „одгледување и заштита" не значи исти права и обврски како кај редовниот корисник. Овие активности се спроведуваат за да се осигура безбедноста и доброто на дивечот во периодот кога не е можно редовно управување со ловиштето.

Привремениот корисник на дивечот не стекнува ексклузивни права за лов, туку има обврска да обезбеди заштита на дивечот, да ги спречи штетите на животната средина и да го одржува здравјето на популацијата на дивечот додека не се заврши редовната постапка за доделување на користење. Оваа привремена мерка не претставува користење на доброто во економска смисла, туку е исклучиво заради благосостојбата на дивечот и заштита на природните ресурси.

Имајќи го предвид горенаведеното, привремениот период на користење е јасно дефиниран и ограничен и се започнува со нов избор на корисник преку јавен повик. Постапката за привремено користење е целосно различна од постапката за концесии и не постои основа за споредба на овие две процедури.

Исто така, одгледувањето и заштитата на дивечот не ги дава истите права како редовниот корисник и има за цел исклучиво заштита на животната средина и добро на дивечот.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се укажува дека оспорените одредби на член 43 став (1) и член 45 став (3) од Законот за дивечот и ловството (*) („Службен весник на Република Северна Македонија бр.263/23, 170/24 и 132/25), се во согласност со одредбите на член 8 став 1 алинеи 3 и 7 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната иницијатива како правно неоснована, односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на наведените одредби од Законот.

<u>Точка 55</u>

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фросина Клисароска Канчевска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3259, за КО Глуво Бразда, на КП бр.2989/1, викано

место/улица „Поројница“ и Имотен лист бр.3189, за КО Глуво Бразда, на КП бр.2874, викано место/улица „Чар“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Точка 56

Владата ја разгледа Понудата од нотар Емилија Георгиевска Аџиска од Берово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.3636, за КО Владимирово, на КП бр.4157, викано место/улица „Подиње“ и по Понудата ги усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт.

Точка 57

Владата ја разгледа Информацијата за прераспределба на средства до пропишаниот лимит до 65% од планираните капитални расходи од донесениот основен буџет, со вклучени прераспределби кај буџетските корисници од централната власт со третиот квартал во 2025 година, согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, како материјал за информирање.

Точка 58

Владата го разгледа Извештајот за проверка на регистрираните даватели на доверливи услуги и издавачи на шеми за електронска идентификација во Регистарот на даватели на доверливи услуги и на шеми за електронска идентификација, како материјал за информирање.

Точка 59

Владата го разгледа Извештајот за спроведувањето на чекорот „Минимум 70% од матичните буџетски корисници на централно ниво да имаат документ за управување со ризик, вклучително и антикорупцискиот ризик и ги евидентираат идентификуваните ризици во плановите за ублажување“ од Област на политика 1.РЈА (вклучително и УЈФ) - Подобласт „Управување со јавни финансии“- реформа ,,Зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола“, утврден со Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан – Реформска агенда за Република Северна Македонија 2024 – 2027, како материјал за информирање.

Точка 60

Владата ја разгледа Информацијата за регистрираните квалификувани доверливи услуги во Регистарот на шеми за електронска идентификација и доверливи услуги, како материјал за информирање.

Точка 61

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2025 година, со финансиски показатели и образложение на постигнатите резултати, како материјал за информирање.

Точка 62

Владата го разгледа Акцискиот план за спроведување на препораките на Државниот завод за ревизија на успешност: „Користење на здравствените услуги за радиолошка дијагностика со магнетна резонанца“, како материјал за информирање.

Точка 63

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на внатрешната ревизија за 2023 година на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје и заклучи истиот да се достави до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Точка 64

Владата го разгледа Извештајот за финансиско работење на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ – Скопје, во државна сопственост, за период од 1 јули до 30 септември 2025 година, како материјал за информирање.

Точка 65

1. Претседателот на Владата на Република Северна Македонија го определи д-р Беким Сали, министер за европски прашања, за прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

2. Владата од должноста членови на Комисијата за економски систем и тековна економска политика ги разреши:

- м-р Изет Меџити и
- м-р Орхан Муртезани.

2.1. Владата за членови на Комисијата за економски систем и тековна економска политика ги именува:

- д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања и
- Муамет Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање.

3. Владата од должноста претседател и член на Комисијата за политички систем ги разреши:

- м-р Изет Меџити од претседател и
- м-р Орхан Муртезани од член.

3.1 Владата го именува д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, за претседател на Комисијата за политички систем.

4. Владата го разреши м-р Изет Меџити, од должноста член на Комисијата за именување.

4.1 Владата го именува д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, за член на Комисијата за именување.

Точка 66

1. Владата по повод укажувањето на Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем и претседател на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, заклучи членовите на Комисијата за човечки ресурси и

одржлив развој, чии материјали се разгледуваат на седниците на Комисијата, задолжително истите да ги доставуваат на мислење до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Љупчо Димовски, во спротивно истите нема да бидат разгледани.

По овој повод, Владата заклучи, информациите кои немаат образложение за итност и не се од итен карактер да не се дополнуваат на Дневен ред на седниците на Владата.

2. Владата го разгледа Предлогот за изменување на заклучок од Изводокот од Нацрт – записникот од Педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 март 2025 година, точка 60, по Информацијата за повеќегодишна јавна набавка за изведба на потпорен ѕид на Универзитетски клинички центар „Мајка Тереза“ кон ул. „Белградска“ и согласно расправата на седницата, заклучи истиот да го симне од Дневен ред.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за здравство да достави нов комплетен материјал, во врска со горенаведениот предлог, усогласен со Министерството за финансии, кој да се разгледа на наредната седница на Владата.

3. Владата го разгледа Барањето од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за изменување на заклучоците по точка 19 „Информација за задолжување на Координативното тело за следење на арбитражни постапки за разгледување на Договорот за доделување на државна помош, бр.13-1641/1 од 21.12.2022 година на Друштвото за производство и трговија Аптив Сервисес Македонија ДООЕЛ Скопје и Аптив Сервисес Хунгари Карлотолт Фелелосеѓ Торсашог (Aptiv Services Hungary Korlátolt Felelősségű Társaság), со прилози “ од Нацрт – записникот од Сто триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 декември 2025 година, го прифати Барањето и заклучи истите да се изменат и да гласат:

„1. Се задолжува Координативното тело за следење на арбитражни постапки да го разгледа Договорот за доделување на државна помош, бр.13-1641/1 од 21.12.2022 година на Друштвото за производство и трговија Аптив Сервисес Македонија ДООЕЛ Скопје и Аптив Сервисес Хунгари Карлотолт Фелелосеѓ Торсашог (Aptiv Services Hungary Korlátolt Felelősségű Társaság), со цел утврдување на постоење на околности и услови за поведување на арбитражна постапка.

2. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да учествува на сите состаноци на Координативното тело за следење на арбитражни постапки во врска со Договорот за доделување на државна помош, бр.13-1641/1 од 21.12.2022 година на Друштвото за производство и трговија Аптив Сервисес Македонија ДООЕЛ Скопје и Аптив Сервисес Хунгари Карлотолт Фелелосеѓ Торсашог (Aptiv Services Hungary Korlátolt Felelősségű Társaság).

3. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да ја извести Владата, во рок од 10 работни дена, откако Договорот за доделување на државна помош, бр.13-1641/1 од 21.12.2022 година на Друштвото за производство и трговија Аптив Сервисес Македонија ДООЕЛ Скопје и Аптив Сервисес Хунгари Карлотолт Фелелосеѓ Торсашог (Aptiv Services Hungary Korlátolt Felelősségű Társaság), ќе биде разгледан на седница на Координативното тело за следење на арбитражни постапки.“.

4. Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности.

5. Владата по повод годишнината од смртта на поранешниот Претседател на Република Македонија Киро Глигоров ги донесе следните заклучоци:

1) Се определува Владина делегација во следниот состав:

- проф. д-р Весна Јаневска – министер за образование и наука,
- Игор Филов – министер за правда и
- Цветан Трипуновски – министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,

да присуствува на положување на венци од свежо цвеќе на вечното почивалиште на поранешниот Претседател на Република Македонија Киро Глигоров, во Алејата на великаните на Градските гробишта во Бутел, на 1 јануари 2026 година, во 10 часот.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди венци од свежо цвеќе за Делегацијата, како и превоз на Делегацијата.

6. Владата ја разгледа Информацијата со која Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија ја информира Владата за инспекторатите кои престанааа да постојат, како правно лице и влегоа како орган во состав на министерствата, како материјал за информирање.

7. Министерот за култура и туризам, Зоран Љутков, ги информираше членовите на Владата за статусот и фискалните импликации кои произлегуваат од примената на Законот за националниот уметник на Република Македонија, Законот за културата, во делот исплата на националните пензии и Законот за државните награди.

<u>Точка 67</u>

Владата ја разгледа Информацијата за Годишен план за имплементација на Праведната транзиција за 2026 година, со текст на Годишен план, ја усвои Информацијата и согласно Мислењето на Министерството за финансии, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Годишниот план за имплементација на Праведната транзиција за 2026 година.

2. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да го објави Годишниот план за имплементација на Праведната транзиција за 2026 година на својата веб-страница.

3. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија и труд, Министерството за транспорт, Министерството за финансии, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за локална самоуправа и Министерството за образование и наука, а се препорачува на АД ЕСМ, АД МЕПСО и АД НОМАГАС, како и на останатите надлежни институции кои спроведуваат мерки и активности од Годишниот план, да ги приоритизираат мерките и активностите наведени во Планот во нивните годишни програми.

4. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија и труд, Министерството за транспорт, Министерството за финансии, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за локална самоуправа и Министерството за образование и наука, а се препорачува на АД ЕСМ, АД МЕПСО и АД НОМАГАС,

како и на останатите надлежни институции кои спроведуваат мерки и активности во согласност со Годишниот план, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да доставуваат месечни и/или квартални извештаи за напредокот во имплементацијата на Годишниот план, согласно динамиката и фреквенцијата наведени во истиот.

Точка 68

Владата ја донесе Програмата за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2025 година.

Точка 69

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Акцискиот план за реструктурирање и развој на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија (2026-2027), со Акциски план, ја усвои Информацијата и го прифати Акцискиот план за реструктурирање и развој на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија (2026-2027).

Точка 70

Владата ја разгледа Информацијата од потреба за донесување на Акциски план за 2026 – 2027 година, за стабилизација, модернизација и реформа на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, со Акциски план, ја усвои Информацијата и го прифати Акцискиот план за 2026–2027 година, за стабилизација, модернизација и реформа на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје.

Точка 71

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на предусловите и ризикот од неспроведување на ИПА проектот „Приклучување на Виница со ПСОВ Кочани со делумна рехабилитација и проширување на канализационите и атмосферските системи во Општина Виница“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт да ги поништи Проектите за инфраструктура (за одведување на пречистени фекални и атмосферски води – тех.бр 32/14-1, за водоснабдување – тех.бр 32/14-4 и за пристапен пат – тех.бр 32/14-2) од 2014/2015 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, а се препорачува на општините Кочани, Виница и Чешиново-Облешево да ги почитуваат роковите од Акциски план со динамика за спроведување на потребните чекори од состанокот на 26.11.2025 година.

Точка 72

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања за потребите за изградба на европски патни коридори од стратешки интерес, Коридор 8 и Коридор 10д на минерална суровина – доломитски мермер на Јавното претпријатие за државни патишта, на локалитетот „Голема Чука“, Општина Гостивар.

Точка 73

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Точка 74

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за добивање на согласност на овластување за изградба на објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори, со предлог-одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на овластување за изградба на енергетски објект Ветерен парк Штип-Опфат 1 на Друштвото за производство на електрична енергија „ШТП Винд“ ДООЕЛ Скопје.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на овластување за изградба на енергетски објект Ветерен парк Штип-Опфат 2 на Друштвото за производство и трговија на електрична енергија „Карб Винд“ ДООЕЛ Скопје.

3. Ја донесе Одлуката за давање согласност на овластување за изградба на енергетски објект Ветерен парк Штип-Опфат 3 на Друштвото за производство и трговија на електрична енергија „Радо Винд“ ДООЕЛ Скопје.

Точка 75

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за склучување на Анекс на Договорот за концесија за начинот на обезбедување на средствата за целосна реализација на проект од јавен интерес, со прилози и ја донесе Одлуката за склучување на Анекс на Договорот за концесија за начинот на обезбедување на средствата за целосна реализација на проект од јавен интерес.

Точка 76

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 18 декември 2025 година до 24 декември 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 77

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата за период од 18 декември 2025 година до 24 декември 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 78

Владата ја разгледа Информацијата за концепт за проектот (Project concept note) за спроведување на План за реконструкција на згради кои ги користат лицата од јавниот сектор на државно ниво за периодот ноември 2025–ноември 2028 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да обезбеди финансиски средства за спроведување на Планот за реконструкција на згради кои ги користат лицата од јавниот сектор на државно ниво за периодот ноември 2025 – ноември 2028 година преку потенцијални извори на финансирање и аранжмани за спроведување.

Точка 79

Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори за постапување по заклучоците на Владата на Република Северна Македонија за разгледување на склучени договори за доделување на државна помош со цел утврдување на постоење на околности и услови за поведување на арбитражна постапка и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори во рок од седум дена да испрати барање за прибирање на понуди за избор на меѓународна адвокатска куќа со експертиза во меѓународна арбитража, вклучувајќи 1CC комерцијална арбитража, во врска со договорите за доделување на државна помош склучени помеѓу Владата на Република Северна Македонија застапувана и претставувана од надлежните институции, и странските инвеститори како корисници на државната помош и тоа до:

1) Three Crowns LLP
2) Herbert Smith Freehils LLP
3) Debevoise & Plimpton LLP
4) Freshfields LLP
5) Clifford Chance LLP
6) Latham & Watkins LLP

2. Се задолжува претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори, по добивањето на понудите најдоцна во рок од седум дена да свика нов состанок на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори на кој ќе се разгледаат понудите и ќе достави до Владата предлог за избор на меѓународна адвокатска куќа со експертиза во меѓународна арбитража, вклучувајќи ICC комерцијална арбитража, во врска со договорите за доделување на државна помош склучени помеѓу Владата на Република Северна Македонија застапувана и претставувана од надлежните институции, и странските инвеститори како корисници на државната помош.

3. Се задолжува Дирекцијата за технолошки и индустриски развојни зони да потребните буџетски средства за изготвеното правно мислење по однос на постоење на околности и услови за поведување на арбитражна постапка од страна на меѓународната адвокатска куќа ги обезбеди во рамките на својот буџет.

Точка 80

Владата го разгледа Предлогот на закон за јавното обвинителство и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Секретаријатот за законодавство, како и со мислењето што Министерството за финансии ќе го достави до Владата.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Игор Филков, министер за правда и м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Дајанчо Ефтимов, државен секретар во Министерството за правда, Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда и Николина Микеска, раководител на сектор во Министерството за правда.

*

*     *

Владата повторно го разгледа и утврди Предлогот на закон за јавното обвинителство на Сто четириесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 јануари 2026 година.

<u>Точка 81</u>

Владата ја разгледа Предлог-уредбата за поблиските критериуми за остварување на правото на додаток на плата и за начинот на утврдување на висината на додатокот на плата за ЕУ и ИПА структурите и ја донесе Уредбата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии.

<u>Точка 82</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Програмата за изменување на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат јавните установи во областа на културата за 2025 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат јавните установи во областа на културата за 2025 година.

<u>Точка 83</u>

Владата го разгледа Предлог–решението за формирање Централизиран кризен координативен штаб за имплементација на „Стратегискиот план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион (2023–2030)“ и заклучи Министерство за култура и туризам да подготви и да достави соодветна Предлог-одлука, претходно усогласена со Секретаријатот за законодавство која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

Истовремено, Владата заклучи работата на Централизирниот кризен координативен штаб да биде извршувана во рамки на редовното работно време на членовите, без притоа да бидат исплаќани надоместоци кои предизвикуваат дополнителни фискални импликации по Буџетот на Република Северна Македонија.

<u>Точка 84</u>

Владата ја донесе Програмата за развој на дејноста за заштитата на децата за 2026 година (усогласена со Министерството за финансии).

Точка 85

Владата ја донесе Програмата за остварување на социјалната заштита за 2026 година (усогласена со Министерството за финансии).

Точка 86

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на максималниот износ на нето-задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2026 година.

Точка 87

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за донесување на методологија за спогодбено раскинување на договори за концесија за МХЕЦ, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за животна средина и просторно планирање да се произнесе по истата.

Точка 88

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на културата за 2025 година, со образложение и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на културата за 2025 година (усогласена со Министерството за финансии).

Точка 89

Владата ја разгледа Информацијата за максималниот износ на ново задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на меѓународниот пазар на капитал–еврообврзница на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за максимален износ на ново задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на меѓународниот пазар на капитал–еврообврзница на Република Северна Македонија (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

2. Се задолжува Министерството за финансии, во моментот на издавање на еврообврзницата, да ги избере најповолните услови од аспект на рочност, транши и потенцијалното откупување на дел од еврообврзницата во износ од 700.000.000 (седумстотини милиони ) евра, 3,675 проценти, која доспева на 3 јуни 2026 година, а кои ќе бидат во согласност со Одлуката за максимален износ на ново задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на меѓународниот пазар на капитал–еврообврзница на Република Северна Македонија.

Точка 90

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од назначување на агент за процесни услуги на Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии, во процесот на издавање на еврообврзница на меѓународниот пазар на капитал и процесот на предвремен откуп на дел од претходно издадена еврообврзница и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, преку Амбасадата на Република Северна Македонија во Лондон, Велика Британија, да ја преземе функцијата на агент за процесни услуги во име на Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, преку Амбасадата на Република Северна Македонија во Лондон, Велика Британија, по добивање на писмото за назначување на процесен агент, потпишано од министерот за финансии, да ја потпише Потврдата со која ја презема функцијата на процесен агент.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:05 часот.